# Антисемитски кривични дела од омраза



OSCE ODIHR

HATE CRIME REPORTING

# Антисемитски кривични дела од омраза

Еврејските заедници се изложени на антисемитизам со милениуми, а антисемитизмот беше најбрутално изразен преку Холокаустот кога беа убиени милиони Евреи. И покрај поуките што треба да се извлечат од овој ужасен настан, еврејските заедници и денеска се мета на антисемитизам, во појавни облици како што се теории на заговор па сè до реторика на нетолеранција. Многу често, таквата нетолеранција може да прерасне во антисемитски кривични дела од омраза, вклучително и насилни напади врз Евреите. Ефектот од тие кривични дела може да создаде страв кај луѓето со еврејско потекло да присуствуваат на верски обреди, да носат верска облека или симболи, или да се воздржуваат од јавно претставување како Евреи во нивниот културен или за верски идентитет. Заканите од антисемитските кривични дела од омраза може дури и да ги присилат Евреите да емигрираат. Антисемитизмот ги засега не само Евреите, туку и општеството во целина. Неговото постоење, исто така, посочува на поголеми трендови на нетолеранција кон други групи, и секој поединец има своја улога во сузбивањето на оваа и сите облици на нетолеранција.

## Што е кривично дело од омраза?

**Кривично дело + Мотивираност од предрасуди = Кривично дело од омраза**

- Кривичните дела од омраза се составени од два елементи: кривично дело и мотивираност од предрасуди.
- Прво, за да се изврши кривично дело од омраза, потребно е да се изврши основно кривично дело. Или со други зборови, стореното дело мора да претставува кривично дело според кривичниот законик. Ако не постои основно кривично дело, нема кривично дело од омраза.
- Вториот елемент на кривичното дело од омраза е дека сторителот мора да изврши одредено кривично дело со одреден мотив или мотиви поради предрасуди (како што се предрасуди во врска со попреченост, религија, етничко потекло, боја на кожа и/или род на жртвата). Присуството на мотив поради предрасуди е тоа што ги разликува кривичните дела од омраза од останатите кривични дела.
- Кривичното дело од омраза се смета дека е извршено кога сторителот свесно се насочил кон лицето или имотот поради една или повеќе заштитени карактеристики, или искажал непријателство за заштитените карактеристики при извршување на кривичното дело.

## Што се антисемитски кривични дела од омраза?

Антисемитски кривични дела од омраза се напади или закани врз луѓето поради нивниот реален или претпоставен еврејски идентитет, или кога мета се лица или имот поврзани со еврејскиот народ или заедници. Предрасудите се манифестираат или при изборот на метата (како што се еврејски гробишта, синагога, училиште или споменик во знак на сеќавање на жртвите на Холокаустот), или во искажувањето антисемитизам при извршувањето на кривичното дело.

Антисемитски кривични дела од омраза се случуваат



Бдеење во сеќавање на жртвите од нападот на синагога во Питсбург, 28 октомври 2018, Вашингтон




Панел дискусија организирана од ОДИХР во музејот ПОЛИН во Варшава, за улогата на образованието во борбата против антисемитизмот и други облици на нетолеранција, 28 септември 2016 (ОБСЕ/ОДИХР).

ширум регионот на ОБСЕ. Извештаите на ОДИХР покажуваат дека антисемитските инциденти од омраза подразбираат напади врз Евреите и на верска и на етничка основа. Тие кривични дела може да се случат за време на или околу еврејските верски празници или денови од историска важност, вклучително и деновите за сеќавање на Холокаустот. Сторителите на такви кривични дела честопати се служат со штетни стереотипи, наративи и теории на заговор за еврејскиот народ, и користат историски симболи (како што е свастиката) за да се закануваат на жртвите и нивните заедници.

## Како да се препознаат антисемитските кривични дела од омраза

Постојат низа на показатели коишто може да помогнат да се идентификуваат антисемитски предрасуди при потенцијално кривично дело од омраза. Тие показатели, познати како „показатели на предрасуди" можат да ги поттикнат властите да спроведат истрага за некое кривично дело како антисемитско кривично дело од омраза, што овозможува и соодветен одговор на таквите појави.

Следните прашања може да помогнат во идентификувањето на антисемитско кривично дело од омраза:

- Дали жртвите или сведоците сметаат дека инцидентот бил мотивиран поради предрасуди кон Евреите?
- Дали имало коментари, пишани изјави, гестови или графити коишто укажуваат на предрасуди? Тоа можат да бидат типични тврдења за антисемитски клишеа, како што се обвинување на Евреите дека го убиле Исус или ритуалното убивање на оние кои не се Евреи (крвна клевета), наведување на теории на заговор дека Евреите го имаат светот под контрола, или обвинување на сите Евреи за политиките на владата на Израел.[1]
- Дали нападнатиот имот бил место од значење за заедницата, како што е синагога, еврејски гробишта, училиште или приватен имот во сопственост на Евреи?
- Дали претходно тој имот бил мета на антисемитски инцидент?
- Во случај на напад на имот, дали на местото на нападот бил оставен предмет или симбол којшто може да се доживее како навреда или закана, како што е нацистички симбол? Дали е осквернавен некој предмет од верско значење, како што се записите на Тората?
- Од каков карактер е извршеното насилство? Дали мета на нападот биле симболите на јудаизмот? На пример, дали била отстранета кипата (еврејска капа) од главата на некој маж?
- Дали осомничениот сторител припаѓа на некоја група за омраза која ги напаѓа Евреите? Тука може да спаѓаат разни групи на крајната десница или групи кои пропагираат нетолеранција кон Евреите. Дали потеклото или кривичното досие на осомничениот сторител посочуваат дека истиот има извршено слични дела во минатото, меѓу другото и врз други групи?
- Дали осомничениот сторител припаѓа на различна верска заедница од жртвата?
- Дали еврејското потекло на жртвата било видливо за да се идентификува, на пример, маж кој носи молитвен шал, лице облечено во традиционална облека, или ознаки на хебрејски јазик на облеката или накит?
- Дали жртвата била лидер на еврејска заедница, борец за човекови права кој работи со еврејски заедници или лице кое обезбедува заштита и безбедност за Евреите?
- Дали инцидентот се случил на датум од значење или за сторителот или за еврејската заедница (на пр: Меѓународен ден за сеќавање на жртвите на Холокаустот, годишнина од некој терористички напад или еврејски празник)?
- Дали постои некој друг јасен мотив? Непостоењето на други мотиви е исто така причина да се разгледа дали мотивот се должи на предрасуди.

Антисемитските кривични дела од омраза треба да се следат и евидентираат како посебна категорија на кривични дела. Кога е извршено кривично дело коешто е мотивирано од различни предрасуди, секоја од тие предрасуди треба да се евидентира и опфати во текот на истрагата и кривичното гонење. Податоците за антисемитски кривични дела од омраза треба да се расчленат по род за да подобро се разбере до колкава мера еврејските жени и мажи се мета на овие кривични дела, и за да се идентификуваат соодветни мерки за сузбивање на антисемитските кривични дела од омраза. При истрагата и постапувањето по антисемитски кривични дела од омраза, важно е да се земат предвид и можните повеќекратни идентитети на жртвата (како што се религија и етничка припадност или род), бидејќи тоа може да има значајни последици за поединечни жртви.

### Примери за антисемитски кривични дела од омраза

- Единаесет верници биле убиени во синагога за време на утринската служба на Шабат. Повредени биле шест лица, вклучително и четири полициски службеници. За време на нападот, верниците биле изложени на антисемитски навреди и смртни закани.
- Четири лица биле убиени, а 25 биле држени како заложници во продавница за кошер храна.
- Еврејско семејство било нападнато во нивниот дом. Мажот го врзале, жената ја силувале, а станот го ограбиле. Напаѓачите изрекувале коментари како „Вие Евреите имате пари" и „Вие Евреите ги чувате парите дома, не во банка."
- 85-годишна жена која го преживеала Холокаустот, била прободена до смрт во нејзиниот дом пред двајцата напаѓачи да го запалат станот, сметајќи дека жртвата е богата бидејќи е Еврејка.
- Шест деца на училишна возраст, кои биле препознатливи дека се Евреи, биле изложени на антисемитски навреди и напади.
- На плочата на училиштето коешто е именувано по Ана Франк била исцртана свастика.

[1] Земјите учеснички на ОБСЕ „недвосмислено изјавија дека меѓународните случувања, вклучително и состојбата на Средниот Исток, никогаш не се оправдување за антисемитизмот." Совет на министри на ОБСЕ, „Декларација за зајакнување на заложбите за борба против антисемитизмот", Базел, 5 декември 2014 [MC.DOC/8/14], https://www.osce.org/cio/130556?download=true.

## Пријавување на антисемитските кривични дела од омраза

Антисемитските кривични дела од омраза, како и сите кривични дела од омраза, недоволно се пријавуваат, а тоа може да се должи на разни причини. Жртвите може да немаат доверба во државните органи, да очекуваат дека нивното тврдење нема да биде сериозно сфатено или да стравуваат од натамошна виктимизација од страна на полициски службеници.

Ефикасниот пристап до правда останува да биде главен предизвик за жртвите, а државите учеснички на ОБСЕ треба истиот да го надминат. Владите имаат централна улога во обезбедувањето пристап до правда, од првична проценка за потребите на жртвата од страна на полициските службеници, до развој на механизми за поддршка на жртвите.

Многу еврејски групи од граѓанскиот сектор ја препознаваат важноста на следењето на кривичните дела од омраза, вклучително и како нивна алатка за застапување, и своите капацитети за следење ги развиваат преку информирање и онлајн пријавување.

За да се постигне ефикасност на одговорот на полицијата и на владините политики за сузбивање на антисемитските кривични дела од омраза, истите мора да се засновани на докази и на официјални податоци за кривични дела од омраза, како и на извештаите од граѓанскиот сектор и меѓународните организации. Зголемениот степен на јавна свест за кривичните дела од омраза, евидентирањето на кривични дела од омраза од страна на државата, мерките за охрабрување на жртвите да ги пријавуваат тие кривични дела и следењето и известувањето на граѓанскиот сектор ќе помогне подетално да се утврди размерот на проблемот, коешто пак ќе им овозможи на креаторите на политики да изнајдат соодветен одговор.

## ОДИХР Водичи за справување со кривични дела од омраза

ОДИХР има составено збирка на добри практики од земјите учеснички на ОБСЕ за борба против кривичните дела од омраза, и истите ги има споделено во бројни публикации коишто се достапни на нашата интернет страница: **https://www.osce.org/odihr/guides-related-to-hate-crime**.

ОДИХР има објавено и практичен водич за *Разбирање на антисемитските кривични дела од омраза, одговор на безбедносните потреби на еврејските заедници*, достапно на: **https://www.osce.org/odihr/317166**.

Дознајте повеќе за антисемитските кривични дела од омраза и како граѓанските организации можат да пријавуваат инциденти кај ОДИХР со тоа што ќе ја посетите нашата посебна интернет-страница за пријавување на кривични дела од омраза, на: **www.hatecrime.osce.org**.













**Повеќе информации:**
За повеќе информации за иницијативите на ОДИХР за кривичните дела од омраза и за преглед на сите ресурси и публикации, посетете:
**www.osce.org/odihr/tolerance**

**Канцеларија на ОБСЕ за демократски институции и човекови права**
ul. Miodowa 10
00-251 Warsaw, Poland

Тел.: +48 22 520 0600
Факс: +48 22 520 0605
Е-пошта: tndinfo@odihr.pl

Office for Democratic Institutions and Human Rights
OSCE ODIHR